ГИ ЗАКОПАА ТЕМЕЛИТЕ НА ЦРКВАТА.
НЕРОДЕНА УБАВИНА И НАДЕЗ НИ УНИШТИЈА.
НЕИСКАЖАНА МОЛИТВА ВО ГРЛО ЈА ЗАДАВИЈА.
ВО ЛЕДЕНА ПОЧВА ПЛАМЕНОТ ГО ЗГАСНАА.

СИВИЛА ТЕШКИ СКРИЕНИ ВО ОЧИТЕ БЕСНИ
УБАВИ ЗБОРОВИ И НАСМЕВКИ БЕДНИ
НА УСТИТЕ КРВАВИ И ЗА СМРТ ЖЕЛНИ
ЦРКВА НИ ЗАКОПАА ПРОКЛЕТНИЦИ ЕДНИ

КАМБАНИ ВО НОЌТА БИЈАТ
ИКОНИ ВО ДУШИТЕ НИ СПИЈАТ
ЦРКВА НЕИСПЛАКАНА ПОГРЕБАА
ЖИВА ВО ЗЕМЈА ЗАКОПАА

БОЖЕ ДАЈ НИ СИЛА ЗА ПРОШКА
ЗА МОЛИТВА УШТЕ ЕДНА
ЗА ДУШАТА НИВНА БЕДНА
ЦРКВА НАША ЌЕ ИМА УШТЕ ЕДНА

ДУШМАНИТЕ ЖИВИ НЕКА СЕ
ПОЈАКИ НЕ ПРАВАТ
СВЕЌА ЗАПАЛЕНА НЕКА ГОРИ
ЗА ЦРКВА МАКЕДОНСКА НЕКА СЕ ЗБОРИ

**Давор Крстевски**